MARMOFIX

NATURA

Технички податоци

**Опис на производот**

**MARMOFIX Tiefgrund TG-130**: Чиста подлога базирана на акрилна смола со највисок квалитет за внатрешна и надворешна употреба.

- Одлична подлога за сите видови бои базирани на вода
- Лесна апликација, голема пенетрација, и степен на покривност (проширување)
- Голем капацитет за врзување и отпорност
- Силна атхезија и брзо сушење
- Рамноправна површина на последниот слој

**Препорачена употреба**

**MARMOFIX Tiefgrund TG-130** е соодветен за нови површини, како малтери, бетон, тули, или ѕидови нивелизирани со стуко. Се препорачува за алкални површини. Ги стабилизира и изолира повеќето порозни површини кои веќе содржат слој од вар или бои од низок квалитет и дава подобро прилепување и нивелизирање на емулзионата боја.

# TIEFGRUND
## TG-130 PRIMER




...GARANTIERTE
**QUALITÄT!**

Marmofix DOOEL Chelopek, Brvenica
Address: 101 Str, No. 3, Chelopek, 1216
Tetovo, R. North Macedonia
Tel: +389 75 211 222

www.marmofix.ch

# Технички податоци

## TIEFGRUND
## TG-130 PRIMER

**Технички карактеристики**

| | |
|---|---|
| **Смола** | Акрилен кополимер |
| **Густина** | 1,02±0,02 gr/ml |
| **Вискозност по производство**<br>**Вискозност при складирање** | Ford Cup 4 28±3sec 23 °C<br>Ford Cup 4 28±3sec 23 °C |
| **Потрошувачка** | Во зависност од впивливоста, порозноста, и текстурата на површината просечната потрошувачка за два слоја е: 0.1–0.15 lit/$m^2$ |
| **Сушење**<br>**Време за нанесување на втор слој** | 45±10 минути<br>1±½ часа<br>(Времето на сушење и времето потребно за нанесување на втор слој може да се продолжи при услови на ниски температури и висока релативна влажност) |
| **VOC (Испарливи органски соединенија)** | Граничната вредност за овој производ од Категоријата A/g: 30g/l (2010).<br>Производот содржи најмногу 29g/l. |

**Подготовка на супстратот и инструкции за примена**

- **Подготовка на супстратот**

  Супстратот треба да биде чист, сув и да не содржи дефективен и слабо врзан материјал, прашина, нечистотии, масла, и соли. Стари слоеви што можат лесно да се излупат треба да се отстранат. Површините со мувла и алги треба да се чистат/дезинфицираат пред да се нанесе подлогата.

- **Припрема и нанесување**

  **Метода на нанесување:** Четка, ваљак, прскање без воздух

  **Разредувач:** Вода

  **Разредување:** до 100% v/v

  **MARMOFIX Tiefgrund TG-130** се нанесува во еден слој оставајќи таква количина на разреден производ која што е доволна за да врзува и пенетрира во длабочините на површината. Треба да се избегнува формирањето на сјаен филм.

  Нанесувањето не треба да се врши при температури под +5°C и над +30°C. При и после сите нанесувања, производите треба да се чуваат од временските влијанија. Опремата да се чисти со вода веднаш по употреба.

**Складирање и ракување**

Да се чува вон дофат на деца. Не се потребни посебни мерки при работа со **MARMOFIX Tiefgrund TG-130**. Кога производот се нанесува со прскање, користете заштитни наочари, ракавици, и маска. Во случај на допир со кожата или очите мијте со обилно количество вода, и по потреба побарајте лекарска помош.

Остатокот од производот треба да се фрли во согласност со локалните правила. Не треба да се фрли во канализации или во околината. Сув или цврст остаток може да биде фрлен како остаток од градежните работи или како домашен отпад.

**MARMOFIX Tiefgrund TG-130**треба да се складира на температури меѓу +5 °C и +25 °C и подалеку од сончевата светлина. Во оригинални, неотворени кофи и при горенаведените услови, **MARMOFIX Tiefgrund TG-130** може да се складира за 24 месеци.

**Пакување**

10; 5; 1 литарски амбалажи

